Врз основа на член 22,став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.08/2010, 08/14, 02/18 , 03/2019 и 08/21 ),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 03.12.2021 година, донесе

# ПР О Г Р А М А
# за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2022 година

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со националните ИКТ стратегии и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020и претставува продолжување на политиката на Општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните и бизнисите.

Целта на програмата е да се овозможи ефикасно и транспарентно работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот и достапноста на услугите, а вооедно да се намалат трошоците со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

Активностите на Општината во делот на ИКТ за 2022 ќе бидат насочени во повеќе области и тоа:

- Континуирано одржување на оперативноста на информатичко – комуникацискиот систем на општината
- Имплементација на нови ИТ решенија и нивна интеграција со постојниот систем
- Креирање на услови за развој на електронски услуги
- Модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење

## II. Проектни активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020.

### 1. Географски информативен систем (ГИС)

Општина Крива Паланкасогласно стратешката определба имплементита решение за Географски информациски систем (ГИС), кој е матица на сите информации што ги поседува општината, кои во себе содржат географска компонента.Тековно е планирано апликацијата да се унапреди со дополнителни модули согласно потребите на Општината и граѓаните, како и согласно потребите на ЈП Комуналец, ТППЕ Крива Паланка, ЛУ Градски музеј и останатите локални субјекти во насока на дигитализација, достапност, анализа и соодветно планирање.

2. **Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура**

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов хардверсогласно потребите на Општината и замена на постојниот кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општинатаи испорака на квалитетни услуги за граѓаните.

3. **Одржување на апликации и хостирање**

Општина Крива Паланка во работењето користи апликации од трети лица како и услуги за хостирање за чии непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2022 година.

4. **Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура**

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна инфраструктура за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.

| **Р.бр.** | **Активност** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| 1. | Изнајмување на ГИС инфраструктура и интегрирање во работните процеси | 1.100.000 |
| 2. | Подобрување на информатичко – комуникациската инфраструктура (набавка/изнајмување на хардвер, софтвер и лиценци) | 1.000.000 |
| 3. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (mt.net/ marnet / edusoft / aspekt/mbs …) | 450.000 |
| 4. | Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура | 800.000 |
| | | **ВКУПНО: 3.350.000** |

**Бр. 09-3711/51**
**03.12.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВАПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**